**20162265002**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 37 став (2) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ И ЗАМЕНИКОТ НА ИЗВРШИТЕЛОТ, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ОДЗЕМАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимацијата на извршителот и заменикот на извршителот (во натамошниот текст: извршителот), како и начинот на нејзиното издавање, одземање и поништување.

Член 2

Легитимацијата за извршителот (во натамошниот текст: легитимацијата) се издава за време на траењето на основот по кој е издадена.

Член 3

(1) Легитимацијата се издава на Образец, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Легитимацијата е со димензии 7,5 x 11,5 см.

(3) Кориците на легитимација од надворешната страна се од кожа, во темно сина боја. На предната страна на корицата во горниот дел е втиснат текст „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА“, а во средината “ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ“.

(4) Внатрешните страни на легитимацијата се во бела боја.

(5) На првата внатрешна страна во горниот лев агол е втиснат заштитниот знак на божицата на правдата. Под него е испишан текстот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА“. На горниот десен агол се наоѓа место за фотографија во боја со димензии 2,5 x 3 см, а во средината е испишано „ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ“. Во долниот лев агол се наоѓа место каде се запишува името и презимето на извршителот, функцијата која ја врши, името на извршителот каде врши функција, а во долниот десен агол се наоѓа место за печат, потпис на министерот и регистарски број на легитимацијата.

(6) На втората внатрешна страна на легитимацијата се содржани следните податоци: датум, месец и година на раѓање, живеалиште и датум на издавање.

(7) На третата внатрешна страна на легитимацијата е втиснат симболот на божицата на правдата која во десната рака држи терезија високо подигната, а во левата рака, спуштена со меч чиј врв го допира тлото. Божицата е во златна боја, над која е испишан текст „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.

Член 4

Легитимацијата се издава по поднесено барање за издавање на легитимација од страна на извршителот.

Член 5

Легитимацијата на извршителот се одзема во следните случаи:

- при изречена конечна дисциплинска мерка привремено одземање на правото за вршење на должноста, се додека трае мерката,
- при изречена конечна дисциплинска мерка привремена забрана за вршење на должноста- суспензија на извршителот, се додека трае суспензијата или
- при изречена правосилна дисциплинска мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Член 6

(1) Во случај на губење, уништување или оштетување на легитимацијата, извршителот веднаш го известува Министерството за правда и поднесува барање за поништување на старата легитимација, во кое ги наведува причините за поништувањето и поднесува барање за издавање на нова легитимација.

(2) Поништените легитимации се огласуваат за неважечки во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 7

Со денот на отпочнување со примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на легитимацијата на извршителот и начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" бр.90/05).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија “ бр. 72/16 и 142/16) .

Бр. 01-4724/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.

Прилог

**Корица**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА**
**ЗА ИЗВРШИТЕЛ**

**Прва внатрешна страна**



**ФОТОГРАФИЈА**

**2,5 X 3 цм**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА ИЗВРШИТЕЛ**

____________________________
име и презиме

Место за печат

____________________________
функција која ја врши

Потпис на министерот

____________________________
име на извршител каде врши функција

Рег.бр. _________

**Втора внатрешна страна**

______________________________________________

роден-а ( дата, месец и година)

______________________________________________

живеалиште

__________________________

датум на издавање

**Трета внатрешна страна**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

